Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-2998/1
29 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**948.**

Врз основа на член 8 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.05.2007 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 2007 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/06, 68/06, 76/06 и 79/06) во делот III точка 2.5. Финансиска поддршка за набавка на машки приплодни грла износот „1.250,00“ се менува со износот „1.250.000,00“.

2. Во делот XI во точката 1, ставот 1 се менува и гласи: „Исплатата на средствата за мерките од оваа програма по корисници ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на поднесени барања до Министерството најдоцна до 31.07.2007 година со исклучок на исплата на средствата за мерките од дел II точка 1.2., 1.4., 1.8., 1.11., 1.12. и 1.13. и дел III точка 2.5., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.13., 2.11., 2.12., 2.16., 2.17. и 2.20., од дел VI точка 5.1., 5.2., 5.3., 5.4., 5.5., 5.6., 5.7., 5.8., 5.10., 5.11., 5.12. и 5.13., од дел VIII точка 7.1., 7.2.. и 7.3. и од дел IX точка 8.1., 8.2., 8.3. од оваа програма за кои рок на поднесување на барања до Министерството е 30.10.2007 година“.

Во делот XI во точката 1, ставот 2 се менува и гласи: „Барања може да поднесат правните и физички лица кои податоците за своето производство го имаат пријавено до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 30.06.2007 година“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3332/1
29 мај 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**949.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за финансирање на политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/04), министерот за финансии донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Член 1

Во Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/05), во членот 2 став 2 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно на последните локални избори во единицата на локална самоуправа“.

Член 2

Ова упатство влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-21880/1
12 јуни 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во Одлуката за определување на највисоки цени за одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2007 од 11.06.2007 година, направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Во членот 2, во втората алинеја, под (г) кај М-2 (МАЗУТ), наместо 20,705 ден/кг треба да стои 21,705 ден/кг.

Бр. 02-893/2
12 јуни 2007 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2007073